Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 43 став (3) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22) и член 26 став (3) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 3 јуни 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОБНА РАБОТА**

1. Се продолжува лиценцата за пробна работа од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “САННИ ГАРДЕН 2” издадена на Друштво за производство на електрична енергија ФУТУРЕ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје со Одлука за издавање на лиценца за пробна работа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 217/23).
2. Во Прилог 1 точка 4 зборовите “9 јули 2024 година” се заменуваат со зборовите “9 април 2025 година”.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштво за производство на електрична енергија ФУТУРЕ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје со седиште на ул. Дане Крапчев бр. 28/лок 4, Скопје (во понатамошниот текст: Друштво), на 29 мај 2024 година и на 29 мај 2024 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), поднесе Барање за продолжување на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “САННИ ГАРДЕН 2”, УП1 бр. 12-312/24 од 29 мај 2024 година.

Регулаторна комисија за енергетика, на Барање на Друштвото, соодветно има донесено Одлука за издавање на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија за ФЕЦ “САННИ ГАРДЕН 2” („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 217/23).

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во член 7 и Прилог 1 точка 12, односно во Образецот БЛ 12 од Правилникот за лиценци во оригинал.

Друштвото има наведено дека причината за продолжување на лиценцата за пробна работа се бара бидејќи: „Останати се неколку постапки за комплетирање на целокупната документација како што е усвојување на изведбен проект, добивање на завршен извештај од страна на надзорот, регистрирање на објектот во АКН. Заради сите овие причини бараме да ни се продолжи лиценцата за пробна работа.“

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа со Решение бр. 02-1026/2 од 3 јуни 2024 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 3 јуни 2024 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 43 став (3) од Законот за енергетика* и член 26 став (3) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за продолжување на лиценца за пробна работа на фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "САННИ ГАРДЕН 2" на Друштво за производство на електрична енергија ФУТУРЕ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 12-312/24**
**3 јуни 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**